## Комунални такси на територијата на Општина Делчево

- **Обврзник на комунална такса:**

Обврзник на комунална такса е физичко и правно лице и граѓанинот кои користат определени права, предмети и услуги за чие користење е пропишано плаќање на комунална такса.

- **Висина на комуналните такси во Општина Делчево**

Со Одлука на Совет на Општина Делчево бр.07-1094/1 од 05.06.2014 година е утврдена височината на комуналните такси на територијата на општина Делчево, и тоа:

1. Комунална такса за истакната фирма, односно назив за:

- Деловни простории на трговски друштва и други правни лица од областа на производството, прометот и услугите ..............................................6.000 денари;
- За продавници, киосци, деловни единици, откупни пунктови и сл..2000 ден.;
- Деловни простории за физички лица кои вршат дејност.................2.000 ден.;
- Деловни простории на физичките лица кои вршат дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ................................................................500 ден.;
- Деловни простории на правни лица од комуналните дејности....3.000 ден.

2. Комунална такса за користење површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба- дневно се утврдува тарифа во износ од 30 денари;

3. Комунална такса за користење на простор пред деловни простории за вршење дејност од м2 дневно се утврдува тарифата во износ од 7 денари.;

4. Комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се плаќа такса и тоа:

- до 7 (седум) дена – 800 ден.;
- до 30 (триесет ) дена – 1300 ден.; и
- до 1 (една ) година – 1600 денари.

5. Комунална такса за користење на музика во јавни локали годишно се утврдува тарифа во износ од 5000 денари.;

6. Комунална такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се плаќа такса годишно и тоа:

- за физички лица .....1.000 денари
- за правни лица .......2.000 денари.

7. Комунална такса за користење плоштади и друг простор, со цел изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење дејност, се плаќа такса за заземена површина од м2 дневно во износ од 5 денари.